# З А К О Н
# ЗА ТЕХНИЧКАТА ИНСПЕКЦИЈА
## Редакциски пречистен текст[1]

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој закон се уредуваат надлежноста и организацијата на Државната техничката инспекција, начинот на вршење на техничката инспекција при користење на техничката опрема и условите кои треба да ги исполнуваат независните правни лица за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, како и начинот на пропишување на техничките прописи за техничка опрема.

### Член 2

Значење на изразите во овој закон:

1. "Техничка опрема" се уредите, машините и инсталациите кои подлежат на техничка инспекција, согласно со овој закон, а се наменети како средства за вршење на дејност или како техничка опрема за општа употреба;

2. "Производител" е физичко или правно лице регистрирано за вршење на дејност во Централниот регистар на Република Северна Македонија кое врши проектирање, конструирање, производство, вградување, или составување сложени инсталации, пуштање на пазар, репарирање или значителна промена, а во одредени случаи, става ознака за сообразност и изготвува изјава за сообразност;

3. "Користење" е која било активност поврзана за техничката опрема, која се однесува и на: техничка инспекција, пуштање во работа, исклучување од работа, приспособување, програмирање, одржување, сервисирање, проверка, сигурносни мерки во случај на откажување, пренамена, отстранување, како и транспорт;

4. "Корисник на техничката опрема" е физичко или правно лице кое е сопственик на опремата или зема под наем опрема за вршење на сопствена дејност, или се јавува како работодавач со техничката опрема (во натамошниот текст: корисник);

---

(*) Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ (CELEX бр. 32014R0910).

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за техничката инспекција ги опфаќа: основниот текст на Законот објавен во "Службен весник на РМ" бр.88/08, Одлуката на Уставниот суд на РМ бр.9/09 објавена во "Службен весник на РМ" бр.63/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција објавен во "Службен весник на РМ" бр.119/10, Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција објавен во "Службен весник на РМ" бр.36/11 и Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција објавен во "Службен весник на РМ"бр.136/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција објавен во "Службен весник на РМ" бр.164/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција објавен во "Службен весник на РМ" бр.41/14, Законот за дополнување на Законот за техничката инспекција објавен во "Службен весник на РМ" бр.33/15, Законот за дополнување на Законот за техничката инспекција објавен во "Службен весник на РМ" бр.61/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција објавен во "Службен весник на РМ" бр.154/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција објавен во "Службен весник на РМ" бр.53/16 и Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција објавен во "Службен весник на РСМ" бр.99/22, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

5. "Тип на производ" е производ за кој се обезбедува сертификат за тип согласно со прописите за безбедност на производите;

6. „Ставање во употреба" е постапка со која се одобрува користење на техничката опрема;

7. „Инспекциски надзор" е секоја активност која опфаќа проверка на примената на законите и техничките прописи при користење на определена техничка опрема;

8. „Технички преглед" е активност која опфаќа проверка на проектот, проверка на влезната и излезната документација, проверка на системот на квалитет, проверка на сите испитувања потребни за докажување на безбедноста на техничката опрема, како и директна и специфична визуелна контрола;

9. „Периодично испитување" е испитување потребно за докажување на безбедноста на техничката опрема согласно со стандардите и техничките спецификации според кои истата е произведена;

10. „Техничка инспекција" е вршење на инспекциски надзор и технички преглед и периодични испитувања;

11. „Значителна промена на техничката опрема" е секоја активност која влијае на нејзината безбедност. За значителна промена се смета и секое сервисирање, одржување или поправка кои влијаат на безбедноста на техничката опрема и

12. „Независно правно лице" е правно лице кое своите работи ги врши независно и непристрасно во однос на заинтересираните страни.

**Член 3**

Работите на инспекцискиот надзор на техничка опрема ги врши Државниот инспекторат за техничка инспекција (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на министерството надлежно за работите од областа на економијата (во натамошниот текст: министерство), преку државни технички инспектори.

Инспекторатот има својство на правно лице, има своја буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.

**Член 3-а**

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

**Член 4**

Работите на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема ги вршат независни правни лица за технички прегледи и периодични испитувања (во натамошниот текст: независно правно лице).

## II. Надлежност на Инспекторатот

**Член 5**

Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите и техничките прописи при користење на техничката опрема во следниве области:

- опрема под притисок,

- преносллива опрема под притисок,
- лифтови, жичари, дигалки и транспортери,
- производи и постројки наменети за работа во експлозивна атмосфера,
- електроенергетски постројки, електрични производи и уреди и
- експлоатација на минерални суровини.

Инспекторатот врши инспекциски надзор и над примената на законите и другите прописи при вршењето на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини согласно со Закон за минералните суровини.

Инспекторатот врши инспекциски надзор и над спроведувањето на одредбите од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

Инспекторатот врши надзор и над преземените обврски на работодавачот во однос на пријавувањето на работникот и вклучувањето на работникот во задолжително социјално осигурување врз основа на работен однос, согласно со Законот за работните односи.

**Член 6**

Инспекторатот води евиденција на независните правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања определени со овој закон и истата ја објавува на својата веб страница.

**Член 7**

Инспекторатот донесува решение за ставање во употреба како техничка опрема за производите кои се произведуваат во Република Северна Македонија, како и за техничката опрема која не е произведена во Република Северна Македонија и истото го евидентира во соодветна евиденција според областа на која припаѓа, согласно со членот 5 став 1 на овој закон.

Секој тип на производ наменет за пуштање на пазар во Република Северна Македонија, производителот е должен да го пријави до Инспекторатот кој истиот го евидентира во соодветната евиденција според областа на која припаѓа, согласно со членот 5 став 1 на овој закон.

Инспекторатот води евиденција за техничките прегледи и периодичните испитувања на техничката опрема за која донесува решение за ставање во употреба, како и за настанатите несреќи, хаварии или штети предизвикани од техничката опрема.

**Член 8**

Формата и содржината на образецот на евиденциите од членовите 6 и 7 на овој закон, како и начинот на нивното водење ги пропишува министерот за економија.

## III. Организација на Инспекторатот

**Член 9**

Инспекторатот работите од својата надлежност ги врши преку:

директор на Инспекторатот (во натамошниот текст: директор),

државни инспектори за опрема под притисок,

државни инспектори за лифтови, жичари, дигалки и транспортери,

државни инспектори за производи и постројки наменети за работа во експлозивна атмосфера,

државни инспектори за електроенергетски postројки, електрични производи и уреди,

државни инспектори за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини,

државни инспектори за геологија и рударство (во натамошниот текст државни инспектори) и

други вработени во Инспекторатот.

За вршење на определени стручни, административни и помошни работи од надлежност на Инспекторатот се формираат соодветни внатрешни организациони облици.

Внатрешната организација на Инспекторатот поблиску ја утврдува министерот за економија на предлог на директорот.

**Член 10**

Со работите на Инспекторатот раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија. Мандатот на директорот трае четири години.

За именување на директор на Инспекторатот се објавува јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор на Инспекторатот може да бидат именувано лице кои ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

4) има минимум шест години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) поседува потврда за активно познавање компјутерски програми за канцелариско работење.

**Член 11**

Директорот ги раководи, организира, координира и насочува работите на Инспекторатот.

Директорот определува раководен државен службеник кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на Инспекторатот.

Директорот презема мерки и се грижи за стручно оспособување и усовршување на државните инспектори од членот 9 на овој закон.

**Член 12**

Кандидатот за инспектор покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници и посебните услови за вработување инспектор утврдени во Законот за инспекциски надзор треба да има завршено високо образование од областа на машинството, електротехниката, хемиското инженерство, физиката, технологијата, рударството, геологијата, правото и економијата, што се докажува со уверение.

**Членот 13 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција („Службен весник на РСМ" бр.99/22).

**Членот 14 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција („Службен весник на РСМ" бр.99/22).

**Член 15**

Државниот инспектор не смее да врши или да присуствува на инспекциски надзор над контролираниот субјект, ако тој или член на неговото семејство е сопственик или сосопственик, член на орган на управување или надзорен орган или каде што тој или член на неговото семејство има личен интерес.

Како член на семејство на државниот инспектор од ставот 1 на овој член, во смисла на овој закон, се смета лице кое со него е во крвно сродство во права линија, како и неговиот брачен другар.

Дејствијата преземени спротивно на ставот 1 од овој член се ништовни и се сметаат за потешка повреда на службената должност.

**Членот 16 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција („Службен весник на РМ" бр.41/14).

**Член 17**

Државните инспектори го вршат инспекцискиот надзор ефикасно, ефективно и транспарентно, притоа водејќи сметка за заштита на јавниот интерес и до степен колку е тоа можно за заштита на интересот на контролираниот субјект.

**Членот 18 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција („Службен весник на РСМ" бр.99/22).

## ГЛАВА III-а.

## ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Член 18-а**

Во случај од неопходност на отстранување на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, итност од отстранување на недостатоците при користење на техничката опрема од членот 5 став 1 на овој закон, се врши инспекциски

надзор од страна на Државниот технички инспекторат, Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за животна средина и Државниот трудов инспекторат.

## IV. Начин на пропишување на технички прописи за техничка опрема

### Член 19

Министерот за економија, односно министерот во чија надлежност, утврдена со закон, се работите поврзани со користење на соодветната техничка опрема, донесува технички прописи за областите од членот 5 став 1 на овој член кои особено содржат:

1) определување на техничката опрема која е предмет на техничкиот преглед и периодични испитувања;

2) определување на активностите и временскиот распоред на технички преглед и периодични испитувања;

3) начин и постапка на вршење на техничките прегледи и периодичните испитувања;

4) поблиски услови кои треба да ги исполнат независните правни лица;

5) начин и постапка за ставање во употреба на техничката опрема и

6) вид на документи кои ја следат техничката опрема при ставање во употреба и при користење.

## V. Условите што треба да ги исполнуваат независните правни лица

### 1. Добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања

### Член 20

Технички прегледи и периодични испитувања може да врши правно лице со седиште во Република Северна Македонија кое е регистрирано во трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија за вршење на една или повеќе дејности од областите утврдени во членот 5 став 1 на овој закон и кое има добиено решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања.

Технички прегледи и периодични испитувања можат да вршат и независни правни лица акредитирани во земјите членки на Европската унија или земји кандидати за членство во Европската унија (во натамошниот текст: независни правни лица), под услов нивните акредитациони тела во соодветната област да се потписнички на договор за меѓусебно признавање на акредитација (МЛА).

Решението за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања од ставот 1 на овој член го донесува Министерството за економија.

### Член 21

За утврдување на компетентноста, правното лице е должно да спроведе постапка за акредитација во Република Северна Македонија во согласност со прописите за акредитација.

По здобивањето со сертификат за акредитација, правното лице поднесува барање за утврдување исполнетост на условите за вршење технички прегледи и периодични испитувања до писарницата на Инспекторатот. Во барањето се наведува за која од областите од членот 5 став 1 од овој закон правното лице бара да му се издаде решение за исполнетост на условите за вршење технички прегледи и периодични испитувања.

Барањето од ставот 2 на овој член со пропратната документација од ставот 4 на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Инспекторатот, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Кон барањето од ставот 2 на овој член се доставува следнава документација:

1) решение за упис во трговскиот регистар;

2) доказ дека има склучено договор за осигурување од одговорност од штета од вршење на работи за технички прегледи и периодични испитувања;

3) доказ за позитивен бонитет, а за друштвата кои се новоосновани изјава од одговорното лице во правното лице дека во рок од шест месеци, сметано од денот на издавањето на решението за вршење технички прегледи и периодични испитувања, ќе достави доказ за позитивен бонитет;

4) сертификат за акредитација и

5) доказ за вработеност на стручниот кадар.

Доказите од ставот 4 точки 1), 3), 4) и 5) на овој член по службена должност можат да бидат прибавени од страна на Инспекторатот во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето од правното лице.

Доколку барањето не го содржи доказот од ставот 4 точка 2) на овој член, Инспекторатот го повикува правното лице да го дополни барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

Доколку правното лице не го дополни барањето со доказот од ставот 4 точка 2) на овој член во утврдениот рок од ставот 6 на овој член, Инспекторатот во рок од 15 дена го известува Министерството за неисполнетост на условите за вршење технички прегледи и периодични испитувања на правното лице.

Врз основа на известувањето од ставот 7 на овој член, Министерството во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето донесува решение за неисполнетост на условите за вршење технички преглед и периодични испитувања на правното лице.

По доставување на доказите од ставот 4 на овој член Инспекторатот во рок од 15 дена го известува Министерството за исполнетоста на условите за вршење технички прегледи и периодични испитувања на правното лице.

Врз основа на известувањето од ставот 9 на овој член, Министерството во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето донесува решение за исполнетост на условите за вршење технички преглед и периодични испитувања на правното лице.

Решенијата од ставовите 8 и 10 на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок на ставовите 3, 5, 7, 9 и 11 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или на Националната платформа за интероперабилност, поднесоците од ставовите 2 и 4 на овој член и актите од ставовите 5, 7, 8, 9 и 10 на овој член можат да бидат доставени и поднесени и во форма на електронски документи преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот, Министерството, односно до правното лице, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Формата и содржината на барањето од ставот 2 на овој член и известувањата од ставовите 7 и 9 на овој член ги пропишува министерот за економија.

## Член 21-а

Независното правно лице од членот 20 став 2 од овој закон поднесува барање за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања до Инспекторатот. Во барањето се наведува за која од областите од членот 5 став 1 од овој закон правното лице бара да му се издаде решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања.

Кон барањето од ставот 1 на овој член правното лице е должно да достави:

1) валиден сертификат за акредитација за предложениот опсег за вршење на технички преглед и периодично испитувања издаден од надлежниот орган од земјата во која е регистриран;

2) доказ дека има склучено договор за осигурување и одговорност од штета од вршење на работи за технички прегледи и периодично испитување од надлежна институција од земјата каде што е регистриран;

3) список на стручниот кадар и

4) назив и седиште на независното правно лице.

Државниот инспекторат го известува Министерството за економија за исполнетоста на условите на независното правно лице од ставот 2 на овој член за вршење на технички прегледи и периодични испитувања во рок од осум дена од денот на приемот на документацијата.

Доколку барањето не ги содржи доказите од ставот 2 на овој член, Инспекторатот го повикува правното лице да го дополни барањето во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето.

Доколку правното лице не го дополни барањето со доказите од ставот 3 на овој член во утврдениот рок од ставот 4 на овој член, Министерство за економија донесува решение со кое го одбива барањето на правното лице.

Врз основа на известувањето од ставот 3 на овој член, Министерство за економија во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето донесува решение за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на правното лице.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за економија.

### Член 22

Решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања не може да се издаде на правно лице, ако:

- неговите одговорни лица и неговиот вработен стручен кадар одговорен за извршување на операциите од постапките за технички преглед и периодични испитувања се проектант, изведувач, снабдувач, производител или корисник на техничката опрема, ниту пак овластен претставник на која било од страните,
- правното лице, неговите одговорни лица и неговиот стручен кадар се вклучени директно или како овластени претставници во проектирањето, изведувањето, маркетингот, или одржувањето на техничката работна опрема, освен кога се работи за размена на технички информации меѓу производителот или корисникот и независно правно лице,
- за неговите одговорни лица е одредена забрана за вршење на дејност додека трае забраната утврдена со одлука на судот и
- во други случаи кога со закон е одредена забрана за вршење на дејност додека трае забраната утврдена со одлука на судот.

## 2. Независни правни лица

### Член 23

Независното правно лице и неговиот стручен кадар се должни да ги вршат постапките на технички преглед и периодичните испитувања постојано со највисок степен на професионален интегритет и техничка компетентност и да бидат ослободени од сите притисоци, особено финансиски, кои можат да влијаат врз процената или врз резултатите од технички преглед и периодични испитувања, особено од лица или групи лица кои имаат интерес од резултатите на технички преглед и периодични испитувања.

### Член 24

Независното правно лице е должно да го обезбеди потребниот стручен кадар за да може правилно да ги врши техничките и административните задачи поврзани со технички преглед и периодични испитувања.

### Член 25

Независното правно лице е должно да поседува или да има пристап до опремата потребна за технички преглед и периодични испитувања.

Независното правно лице е должно да има востановено методологии и постапки за вршење на технички преглед и периодични испитувања. Доколку независното правно лице применува специфични методологии и постапки, тие треба да бидат технички издржани и во согласност со научните и техничките достигнувања.

### Член 26

Независното правно лице е должно да ја гарантира непристрасноста на неговиот стручен кадар при вршење на техничките прегледи и периодичните испитувања.

Независното правно лице е должно секоја година да се осигура од одговорност за штета која може да биде предизвикана од вршење на технички прегледи и периодични испитувања во висина од најмалку 300.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

Независното правно лице, неговите одговорни лица и неговиот стручен кадар се должни да ја почитуваат професионалната доверливост што се однесува до сите информации добиени при извршувањето на задачите според овој закон или друг закон поврзан со извршувањето на технички преглед и периодични испитувања.

**Член 27**

Независните правни лица се должни постојано да ги исполнуваат условите од членовите 23 до 26 од овој закон.

Ако независното правно лице престане да ги исполнува условите за вршење технички прегледи и периодични испитувања, Инспекторатот е должен веднаш да го извести Министерството, а најдоцна во рок од осум дена од денот на престанувањето на условите.

Известувањето од ставот 2 на овој член може да биде доставено и во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето од правното лице.

Врз основа на известувањето, Министерството, во рок од 15 дена донесува решение со кое се укинува решението за вршење технички прегледи и периодични испитувања.

Решението од ставот 4 на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок на ставовите 3 и 5 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или на Националната платформа за интероперабилност, актите од ставовите 2 и 4 на овој член во форма на електронски документи можат да бидат доставени и поднесени преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Министерството, односно до правното лице, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Против решението од ставот 4 на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

## VI. Начин на вршење на техничка инспекција

### 1.Техничка инспекција при ставање во употреба

**Член 28**

Секој корисник е должен да спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење на технички преглед и периодично испитување.

**Член 29**

Техничката опрема може да биде ставена за прв пат во употреба или по значителна промена доколку независно правно лице извршило прв технички преглед во однос на предвидените услови на користење, и тоа во однос на:

- монтажа,
- инсталирање,
- подесување и
- безбедност на техничката опрема.

**Член 30**

По спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, корисникот до писарницата на Инспекторатот поднесува барање за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот прв технички преглед на техничката опрема од независно правно лице.

Барањето од ставот 1 на овој член со пропратната документација од ставот 3 на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Инспекторатот, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Кон барањето од ставот 1 на овој член корисникот е должен да достави:

1) извештај од извршениот прв технички преглед на техничката опрема од независно правно лице;

2) доказ за платен надоместок за издавање решение за ставање во употреба во висина од 50 евра во денарска противвредност на приходната потставка на Инспекторатот и

3) дополнителните документи утврдени во техничките прописи за секоја техничка опрема.

Врз основа на поднесеното барање, Инспекторатот врши проверка на приложената документација од ставот 3 на овој член за да ја утврди исполнетоста на условите за ставање во употреба на техничката опрема.

Во случаите кога е доставена документацијата од ставот 3 на овој член Инспекторатот, по извршената проверка, донесува решение за ставање во употреба на техничката опрема на корисникот или донесува решение за неисполнување на условите за ставање во употреба на техничката опрема на корисникот во рок од седум дена од денот на поднесувањето на барањето.

Решенијата од ставот 5 на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Решението за ставање во употреба на техничката опрема од ставот 5 на овој член, Инспекторатот го евидентира согласно со членот 7 став 3 од овој закон.

Против решенијата од ставот 5 на овој член може да се изјави жалба, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Жалбата од ставот 8 на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Инспекторатот, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставовите 2, 6 и 9 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, поднесоците од ставовите 1 и 3 на овој член и решенијата од ставот 5 на овој член во форма на електронски документи можат да бидат доставени и поднесени преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот, надлежниот орган за одлучување во втор степен, односно до корисникот, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Во случај кога Извештајот од извршениот прв технички преглед на техничката опрема од независно правно лице е издаден во печатена форма, корисникот барањето од ставот 1 на овој член и документацијата од ставот 3 на овој член може да ги испрати по пошта, електронски или преку други соодветни средства или со достава до писарницата на Инспекторатот.

По жалбата од ставот 8 на овој член одлучува надлежен орган за одлучување во втор степен.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, ги пропишува министерот за економија.

### Член 31-а

Корисниците на техничката опрема се должни во секое време да овозможат непречено вршење на инспекцискиот надзор од страна на државните технички инспектори со непосреден увид на техничката опрема и техничката документација.

## 2.Техничка инспекција при користење

### Член 31

Корисникот на техничката опрема е одговорен за нејзината безбедност и за одржување на безбедноста на истата за цело време на нејзиното користење.

Корисникот на техничката опрема е должен да ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис.

Корисникот има право да изврши сопствен избор на независното правно лице кое ги изведува активностите од ставот 2 на овој член.

### Член 32

Независното правно лице кое врши технички преглед и периодични испитувања на техничката опрема е должно да изготви извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот да го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена по завршувањето на активностите.

Независното правно лице оцената на резултатите од спроведените прегледи и испитувања од ставот 1 на овој член ја дава врз основа на исполнувањето на условите за безбедноста на техничката опрема.

**Член 33**

Извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања доставен од независното правно лице до корисникот, ако е потребно во зависност од техничката опрема, корисникот е должен да го достави заедно со известувањето за направен технички преглед за периодични испитувања и со пропратната документација до писарницата на Инспекторатот во рок од седум дена од денот на приемот на извештајот.

Известувањето од ставот 1 на овој член со извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања и со пропратната документација може да биде поднесен и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Кон известувањето од ставот 1 на овој член корисникот е должен да достави:

1) извештај од извршениот технички преглед за периодичните испитувања од независно правно лице,

2) доказ за платен надоместок за известувањето во износ од 10 евра во денарска противвредност на приходната потставка на Инспекторатот и

3) дополнителните документи утврдени во техничките прописи за секоја техничка опрема.

По исклучок на ставот 2 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, поднесоците од ставовите 1 и 3 на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Во случај кога извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања доставен од независното правно лице до корисникот е издаден во печатена форма, известувањето од ставот 1 на овој член и документацијата од ставот 3 на овој член, корисникот може да ги испрати по пошта, електронски или преку други соодветни средства или со достава до писарницата на Инспекторатот.

Формата и содржината на известувањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за економија.

**Член 34**

Во случај на разлики во однос на распоредот за вршење технички прегледи за периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи за периодичните испитувања, корисникот е должен во рок од осум дена од денот на приемот на извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања, писмено да го извести Инспекторатот со достава на известување кое заедно со извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања и

пропратната документација, може да ги испрати по пошта, електронски или преку други соодветни средства или со достава до писарницата на Инспекторатот, односно во форма на електронски документ доставен преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот.

Во случајот од ставот 1 на овој член Инспекторатот решава по однос на појавените разлики, врз основ на мислење на друго независно правно лице ангажирано по случаен избор. Инспекторатот за добиените резултати писмено го известува корисникот во рок од седум дена од денот на добивањето на резултатите, преку писарницата на Инспекторатот или на електронската адреса на корисникот. Трошоците за ангажирањето на другото независно правно лице паѓаат на товар на субјектот против кој е донесено мислењето.

Известувањето од ставот 2 на овој член издадено во печатена форма се доставува на адресата на корисникот, односно во форма на електронски документ доставен преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до корисникот.

Формата и содржината на известувањето од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за економија.

**Член 35**

Доколку извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања е негативен, корисникот е должен да ја исклучи од работа техничката опрема и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис, за предметната техничка опрема, за тоа во рок од осум дена од денот на приемот на извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања од независното правно лице, писмено да го извести Инспекторатот, со известување кое може да го испрати по пошта, преку електронски или други соодветни средства или со достава до писарницата на Инспекторатот, односно во форма на електронски документ доставен преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот.

За продолжување на употреба на техничката опрема, корисникот е должен да ги отстрани причините за негативниот извештај од извршениот технички преглед за периодичните испитувања, да направи вонреден технички преглед за периодични испитувања и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис, за предметната техничка опрема, во рок од осум дена од денот на добивањето на резултатите со извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања од независното правно лице, писмено да го извести Инспекторатот со известување кое може да го испрати по пошта, електронски или преку други соодветни средства, или со достава до писарницата на Инспекторатот, односно во форма на електронски документ доставен преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот.

**Член 36**

Инспекторот донесува решение за ставање вон употреба на техничката опрема доколку извештајот од техничкиот преглед и периодичните испитувања е негативен поради причини кои не можат да се отстранат како:

1) оштетување на техничката опрема чија поправка предизвикала значителна промена;

2) неповратна деградација на својствата на техничката опрема кои ја гарантираат нејзината безбедност;

3) промена на локацијата и условите на користење на техничката опрема и
4) промена на намената на техничката опрема.

Доколку корисникот има за цел да ја користи техничката опрема од ставот 1 на овој член, по изведените зафати врз неа, е должен да ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба.

**Член 36-а**

Против решението на инспекторот од членот 36 став 1 од овој закон, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до надлежниот орган за одлучување во втор степен.

Жалбата од ставот 1 на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Инспекторатот, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Жалбата од ставот 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

По исклучок на ставот 2 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги жалбата, од ставот 1 на овој член во форма на електронски документи се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот, односно до корисникот, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

## 3.Техничка инспекција при несреќи, хаварии или штети предизвикани од техничката опрема

**Член 37**

Во случај на несреќи, хаварии или штети предизвикани од техничката опрема, корисникот е должен веднаш писмено да го извести Инспекторатот со известување, кое може да го испрати по пошта, електронски или преку други соодветни средства или со достава до писарницата на Инспекторатот, односно во форма на електронски документ доставен преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот.

Инспекторатот е должен во соработка со другите надлежни државни органи да учествува во утврдување на причините за настанатите несреќи, хаварии и штети од ставот 1 на овој член.

Кога инспекторот ќе утврди неправилности од поголем обем или неправилности со кои се загрозува животот и здравјето на луѓето или на животната средина и во други случаи определени со закон, инспекторот привремено ќе забрани вршење на дејност со запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства до отстранување на истите.

Во случаите од ставот 3 на овој член инспекторот ќе им наложи на правните лица кои вршат јавни услуги (снабдување со вода, електрична енергија и слично) да прекинат со испораката, односно со давањето соодветни услови на корисникот неопходни за извршување на неговата дејност.

Корисникот е должен да постапи по наредбата на инспекторот.

**Член 37-а**

Инспекторот ќе донесе решение со кое привремено ќе забрани вршење дејност на субјектот на инспекциски надзор со запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства до отстранување на истите доколку:

1) секој тип на производ наменет за пуштање на пазар во Република Северна Македонија, производителот не го пријави до Инспекторатот (член 7 став 2);

2) секој корисник не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење технички преглед и периодично испитување (член 28);

3) по спроведениот прв технички преглед во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, корисникот до Инспекторатот не поднесе барање за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештај од извршениот прв технички преглед на техничката опрема од независно правно лице (член 30);

4) корисникот на техничката опрема во секое време не овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор од страна на државните технички инспектори со непосреден увид во техничката опрема и техничката документација (член 31-а);

5) корисникот не ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис (член 31 став 2);

6) независното правно лице кое врши технички преглед и периодични испитувања на техничката опрема не изработи извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот не го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена по завршување на активностите (член 32 став 1);

7) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење технички прегледи и периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања не го извести Инспекторатот (член 34);

8) корисникот не ја исклучи од работа техничката опрема доколку извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања е негативен и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема за тоа не го извести Инспекторатот (член 35 став 1);

9) корисникот за продолжување на употреба на техничката опрема не ги отстрани причините за негативниот извештај од извршениот технички преглед за периодичните испитувања, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема за резултатите не го извести Инспекторатот (член 35 став 2);

10) корисникот не ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба, а истиот има за цел да ја користи техничката опрема од членот 36 став 1 од овој закон по изведените зафати врз неа (член 36 став 2) и

11) корисникот не постапи по решението на инспекторот од членовите 36 став 1 и 37 став 3 од овој закон.

Против решението на инспекторот од ставот 1 на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежниот орган за одлучување во втор степен.

Жалбата од ставот 2 на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Инспекторатот, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставот 3 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, жалбата од ставот 2 на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Член 37-б**

Во случај на констатирани неправилности за непреземање на обврски за пријавувањето на работникот и вклучувањето на работникот во задолжително социјално осигурување врз основа на работен однос, инспекторите ќе преземат мерки согласно со Законот за работните односи.

**Член 37-в**

Ако при вршењето инспекциски надзор надлежниот инспектор кај субјектот на инспекцискиот надзор утврди неправилности и недостатоци согласно членот 38 став 1 точки 1 и 5 и став 2 точка 1 од овој закон со решение на субјектот на инспекцискиот надзор, ќе му изрече инспекциска мерка - опомена и ќе му определи рок во кој е должен да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци.

По исклучок од ставот 1 на овој член во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, со решение изрекува друга инспекциска мерка како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот 1 на овој член инспекторот утврди дека неправилностите и недостатоците сѐ уште не се отстранети, со решение изрекува друга инспекциска мерка како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

Решението од ставот 1 на овој член се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изработката на записникот, согласно со членот 82 од Законот за инспекциски надзор.

Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на закон или на друг пропис, или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор, или во рокот утврден со решението од ставот 1 на овој член инспекторот ја запира постапката со констатација во записникот согласно со членот 82 од Законот за инспекциски надзор.

По исклучок од ставовите 2 и 3 на овој член, инспекторот може да изрече инспекциска мерка со усно решение наведено во записникот согласно со членот 82 од Законот за инспекциски надзор.

Во случајот од ставот 6 на овој член, инспекторот е должен веднаш, а најдоцна во рок од осум дена да донесе писмено решение за изрекување на инспекциската мерка.

Против решението од ставовите 1 и 7 на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно со закон.

Жалбата од ставот 8 на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Инспекторатот, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок на ставот 9 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, жалбата од ставот 8 на овој член, во форма на електронски документ може да биде поднесена преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Жалбата од ставот 8 на овој член не го одлага извршувањето на решението од ставовите 1 и 7 на овој член.

Инспекторатот води евиденција за изречените опомени од ставот 1 на овој член.

Формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени од ставот 12 на овој член ја пропишува министерот за економија.

## VII. Прекршочни одредби

### Член 38

Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, кое е микротрговец доколку:

1) секој тип на производ наменет за пуштање на пазар во Република Северна Македонија не го пријави до Инспекторатот (член 7 став 2);

2) не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење технички преглед и периодично испитување (член 28);

3) корисникот на техничката опрема во секое време не овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор од страна на државните технички инспектори со непосреден увид во техничката опрема и техничката документација (член 31-а);

4) не ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис (член 31 став 2);

5) независното правно лице, кое врши технички преглед и периодични испитувања на техничката опрема, не изработи извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот не го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена по завршување на активностите (член 32 став 1);

6) корисникот не ја исклучи од работа техничката опрема доколку извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања е негативен и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за тоа не го извести Инспекторатот (член 35 став 1);

7) корисникот за продолжување на употреба на техничката опрема не ги отстрани причините за негативниот извештај од извршениот технички преглед за периодичните испитувања, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за резултатите не го извести Инспекторатот (член 35 став 2);

8) корисникот не ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба, а истиот има за цел да ја користи техничката опрема од членот 36 став 1 од овој закон по изведените зафати врз неа (член 36 став 2) и

9) корисникот не постапи по решението на инспекторот од членовите 36 став 1 и 37 став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 50 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, кое е микротрговец доколку:

1) по спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, корисникот до Инспекторатот не поднесе барање за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот прв технички преглед на техничката опрема од независно правно лице (член 30);

2) во рок од седум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања, а доставен од независното правно лице, ако е потребно во зависност од техничката опрема, корисникот не го достави до Инспекторатот (член 33) и

3) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење на технички прегледи и периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања, корисникот не го извести Инспекторатот (член 34).

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е мал трговец за прекршокот од ставовите 1 и 2 на овој член.

Глоба во износ од 2.500 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е среден трговец за прекршокот од ставовите 1 и 2 на овој член.

Глоба во износ од 4.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е голем трговец за прекршокот од ставовите 1 и 2 на овој член.

Глоба во износ од 30 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е микротрговец за прекршок од ставовите 1 и 2 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е мал трговец за прекршок од ставовите 1 и 2 на овој член.

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е среден трговец за прекршок од ставовите 1 и 2 на овој член.

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е голем трговец за прекршок од ставовите 1 и 2 на овој член.

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствата од ставот 1 точки 1), 2), 3), 4), 6), 7), 8) и 9) и ставот 2 точки 1) и 3) на овој член.

**Член 38-а**

За прекршоците утврдени во членот 38 од овој закон, на правното лице, односно на трговецот поединец, инспекторот пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка ќе спроведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.

Кога инспекторот ќе констатира прекршок од ставот 1 на овој член, составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот.

Доколку сторителот го признае прекршокот инспекторот ќе му издаде прекршочен платен налог заради наплата на глобата за прекршокот.По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 3 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од став 3 на овој член, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

Инспекторите се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 6 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 7 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за економија.

**Член 38-б**

Одмерувањето на висината на глобите на правното лице односно на трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците.

**Член 38-в**

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Инспекторатот ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 21 став 4 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изречеза прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 21 став 5 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Инспекторатот ако не реши по барањето во рокот утврден во членот 21 став 6 од овој закон.

За прекршоците од ставовите 1, 2 и 3 на овој чен прекршочна постапка и прекршочна санкција води надлежен суд.

**Член 38-г**

За прекршоците од членот 38 од овој закон, коишто се сторени со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица или во текот на календарската година сторителот го повтори прекршокот, надлежниот суд може да изрече глоба во висина двојно од глобата предвидена со членот 38 од овој закон.

За прекршоците од членот 38 од овој закон, кога постои опасност прекршокот да биде повторен, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до две години.

За прекршоците од членот 38 од овој закон, на одговорното лице во правното лице, на физичкото лице, односно на трговецот-поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција - забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од три месеци до една година.

Кога со прекршоците од членот 38 од овој закон, сторителот ќе се здобие со имотна корист, судот ќе ја одземе и имотната корист која е остварена со сторување на прекршокот.

**Член 38-д**

За прекршоците од членот 38 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

**VII. Преодни и завршни одредби**

**Член 39**

Правните лица кои вршеле активности на технички прегледи и периодични испитувања се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон до денот на започнувањето на примената на овој закон.

**Член 40**

Техничките прописи од членот 19 на овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Подзаконскиот акт од членовите 8 и 16 став 3 на овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 41**

Правилникот за формата и содржината на образецот на легитимацијата на државниот инспектор за техничка инспекција („Службен весник на Република Македонија" број 9/2006), ќе престане да се применува со денот на влегување во сила на прописот од членот 16 став 3 на овој закон.

**Член 42**

Со денот на започнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" број 48/99, 82/2005 и 79/2007).

**Член 43**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 октомври 2008 година.

## ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 9/2009 ("Службен весник на РМ" бр.63/2009 од 20.05.2009)

1. СЕ УКИНУВА член 21 став 3 точки 3 и 7 од Законот за техничката инспекција ("Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2008).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција ("Службен весник на РМ"бр.119/10)

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција ("Службен весник на РМ" бр.36/11)

**Член 13**

Одредбите од членовите 1, 3, 4, 5, 9, 10 и 11 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за инспекцискиот надзор.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција ("Службен весник на РМ" бр.136/11)

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција
## ("Службен весник на РМ" бр.164/13)

### Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.

## ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција
## ("Службен весник на РМ" бр.41/14)

### Член 3

Директорот на Инспекторатот именуван до денот на започнувањето на примената на членот 1 од овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

### Член 4

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите од членот 2 на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1јули 2014 година.

### Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## ОДРЕДБИ од Законот за дополнување на Законот за техничката инспекција
## ("Службен весник на РМ" бр.33/15)

### Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за техничката инспекција.

### Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а одредбата на членот 1 од овој закон ќе отпочне да се применува од денот на отпочнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност („Службен весник на Република Македонија" број 199/14).

**ОДРЕДБИ од Законот за дополнување на Законот за техничката инспекција**
**("Службен весник на РМ" бр.61/15)**

**Член 3**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за техничката инспекција.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција**
**("Службен весник на РМ" бр.154/15)**

**Член 4**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон."

**Член 5**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за техничката инспекција.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција**
**("Службен весник на РМ" бр.53/16)**

**Член 7**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 8**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 9**

Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5 и 6 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција („Службен весник на РСМ" бр.99/22)

### Член 20

Подзаконските акти донесени согласно со Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" број 88/2008, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15 и 53/16) ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 21

Одредбите од членот 7 од овој закон со кој се менува членот 21 ставови 3, 5, 7, 9, 11 и 12, членот 8 од овој закон со кој се менува членот 27 ставови 3, 5 и 6, членот 9 од овој закон со кој се менува членот 30 ставови 2, 6, 9 и 10, членот 10 од овој закон со кој се менува членот 33 ставови 2 и 4, членот 11 од овој закон со кој се менува членот 34 ставови 1 и 3, членот 12 од овој закон со кој се менува членот 35, членот 13 од овој закон со кој се менува членот 36-а ставови 2 и 4, членот 14 од овој закон со кој се менува членот 37 ставот 1, членот 15 од овој закон со кој се менува членот 37-а ставови 3 и 4 и членот 16 од овој закон со кој се додава нов член 37-в ставови 9 и 10 ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2022 година.

### Член 22

Одредбите од членот 7 од овој закон со кој се менува членот 21 ставови 3, 5, 7, 9, 11 и 12, членот 8 од овој закон со кој се менува членот 27 ставови 3, 5 и 6, членот 9 од овој закон со кој се менува членот 30 ставови 2, 6, 9 и 10, членот 10 од овој закон со кој се менува членот 33 ставови 2 и 4, членот 11 од овој закон со кој се менува членот 34 ставови 1 и 3, членот 12 од овој закон со кој се менува членот 35, членот 13 од овој закон со кој се менува членот 36-а ставови 2 и 4, членот 14 од овој закон со кој се менува членот 37 став 1, членот 15 од овој закон со кој се менува членот 37-а ставови 3 и 4 и членот 16 од овој закон со кој се додава нов член 37-в ставови 9 и 10 престануваат да важат со пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

### Член 23

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".